Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Бр. 13-3561/5 од 06.06.2022 год.**
**( врска бр. 13-1855 од 2021 год.)**

Врз основа член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18 и 168/2018), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 09-10814/4 од 25.12.2018 година, Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10101/12 од 25.12.2019 година, Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година и годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела вода за 2022 година со бр.09-10907/4 од 30.12.2021 година за изработка на детален урбанистички план за Реон Ј, Градска Четврт Ј17, Блок 17.06, Општина Кисела Вода, Градоначалникот на Општина Кисела Вода го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**за организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета**
**по Детален урбанистички план за Реон Ј,**
**Градска Четврт Ј17, Блок 17.06, предлог план, Општина Кисела Вода,**
**Плански период 2020-2025**

**Време и место на одржување на јавна анкета**

Јавната анкета по детален урбанистички план за Реон Ј, Градска Четврт Ј17, Блок 17.06, Општина Кисела Вода, плански период 2020-2025, ќе се спроведе со излагање на предлог - Планот во просториите на Општина Кисела Вода (барака 7) –Голема сала, како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.

**ЈАВНАТА АНКЕТА ЌЕ ТРАЕ ПОЧНУВАЈКИ ОД 16.06.2022 ДО 30.06.2022 ГОДИНА**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода (барака 6),секој работен ден од 08:00-16:00 часот, како и преку информацискиот систем e-urbanizam.

**Време и место на одржување на јавна презентација**

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **17.06.2022 (петок)**, во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, со почеток во **10:00** часот.

**Местоположба и површина на опфатот на планот**

Опфатот е со површина од 3,26 ха.
Планскиот опфат по осовини на сообраќајници е:

- на север границата се протега по осовина на бул.„Србија"
- на исток границата се протега по осовина на сервисната улица „С7 и „С8"
- на југ границата се протега по осовината на сервисната улица „С9"
- на запад границата се протега по осовина на собирна улица „Христо Татарчев "

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
На Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски